ДЕМАНТ: По повод интервјуто на г-дин Јован Деспотовски дадено за „Студио 10“ на ТВ 24

Од страна на:  СТП Капитал Партнерс Холдингс ДОО Скопје

Почитувани,

Во врска со вчерашното интервју дадено на Вашата ценета ТВ, би сакале да ја информираме јавноста за следното:

Изненадени сме од изјавите и информациите изнесени во јавноста од страна на г-дин Јован Деспотовски, директор на Дирекцијата за ТИРЗ, во вчерашното издание (29.03.2023 г) на емисијата „Студио 10“ во врска со изградбата на филмските и музички стидија „Стонбриџ студиос“  чија изградба и функционирање ги најави познатиот светски актер и режисер г-динот Џон Малкович.

Од низата неповрзани и делумно точни информации јавноста може да добие целосно погрешен впечаток, а особено недостасуваат оценките за бенефитите кои македонската економија ќе ги добие со имплементирање на главниот проект Технолошки парк Скопје (СТП) и потпроектот „Стонбриџ студиос“. Имено, СТП Капитал Партнерс Холдингс ДОО Скопје (СТП КПХС)  достави барање до Владата за стекнување на статус на стратешка инвестиција за проектот СТП, на 27 јануари 2022 г., и се уште чека одговор. СТП е замислена како инвестиција во технолошки парк,–мултифункционален градежен комплекс (точка 13 од  предвидените области од Законот за стратешки инвестиции-ЗСИ) кој опфаќа во своите содржини неколку области од предвидените во точка 5 од ЗСИ и тоа:

**Индустриски и технолошки паркови**; СТП темели на неколку столба од технолошките сектори и тоа: ИОТ центар(Интернет оф тхингс); Сајбер секјурити; развој на Блокчејн технологии итн. СТП има потпишано Договори за заедничко вложување со неколку реномирани компании од кои можат да се издвојат Риџ Глобал -компанија на Екс Гувернерот на Пенсилванија  и првиот Хомеланд секјурити министер- Г-динот Томас Риџ и воедно содружник во СТП КПХС; Формирање на Датацентри и центри за Роботика (доставени се намерите од некои компании да изведуваат обуки за роботика на сите нивоа на образование во Македонија)

**Наука и образование**; Формирање на Академски едукативен центар-Потпишано писмо за намери со Thunderbird School of Global Management- дел од Arizona State University од Феникс и дополнително дадена видео изјава од деканот на Тандербирд

**Туризам:** Согласно важечкиот ДУП за областа под Касарна Илинден, каде се планира оваа инвестиција, предвидена е изградба на 3 хотели. Еден од нив СТП го планираат како конгресен центар каде ќе се изведуваат низа научни, филмски и други културни манифестации од меѓународен карактер и со тоа афирмација на земјата како технолошки и туристички и филмски центар на Балканот!

**Филмски и музички студија-Стонебриџе:** најавено во јавноста (и несоодветно интерпретирано од г-динот Деспотовски) при што познатите глумци Џон Малкович, Мат Дилон и Д.В. Мофет изјавија дека ќе го водат развојот на овие студија и дека ќе обезбедат различни филмски продукции од Холивуд и светот кои ќе снимаат филмови во Скопје и Македонија.

Ја информираме јавноста дека локацијата за проектот СТП е предложена **од страна на Владата** за компанијата СТП Капитал Партнерс Холдингс ДОО Скопје да изготви бизнис план и достави барање за стратешка инвестиција. Истото е направено. Бизнис планот е оценет од врвни домашни и странски експерти, професори и уметници како „единствен од овој вид на Балканот", или „транзициски проект" кој има можност да ја транзитира македонската економија во стопанство со индустрии кои носат повисока додадена вредност.

Филмските и музички студија-Стонебриџ, не се предвидени за градба во центарот на Скопје, туку проектот СТП (технолошкиот парк), а делот за кој говори г-динот Деспотовски беше планиран за една од ТИРЗ-и. Технолошкиот парк- СТП е прилагоден согласно постоечкиот ДУП за соодветната област и за истата локација не се бараат бенефиции за градба, туку да се изнајми и последователно откупи земјиштето по важечките цени.

Владата до ден денес, а ниту Дирекцијата за ТИРЗ, никогаш не доставила понуда за градба на филмските студија како што наведува директорот Деспотовски, ниту пак е добиена било каква писмена комуникација со која се дискутира статусот, или изградбата на овој проект. Имено, СТП КПХС се уште , и по 14 месеци од доставеното барање, чека некаков одговор од Владата.

СТП КПХС не- „сакале прво да градат згради и да продаваат станови" како што вели Деспотовски во интервјуто, туку сака најнапред да добие статус на стратешка инвестиција, да започне веднаш со изградба на филмските студија и останатите содржини, кои меѓу другите вклучуваат и екслузивни станови за сместување на филмските уметници по нивни вообичаенио стандарди, на ИТ извршните директори и ИТ номади од целиот свет,како и станови за сместување на странските студенти кои би се образувале во горенаведениот универзитетски центар. Дали Г-дин Деспотовски и другите одговорни лица во Владата се запрашале кои се бенефитите за македонската економија, буџетот и граѓаните од имплементацијата на проектот СТП?

Се чини дека на страна на Владата недостасува соодветна економска анализа на проектот, како и анализа на сите други користи за имиџот на земјата, развојот на туризмот и другите неспоменати бенефиции. Во оваа насока сакаме да ја информираме

јавноста дека нашата скромна анализа ги предвидува следните ефекти врз посочените области:

Со продажбата на земјиште за вообичаените проекти кои се изведуваат во земјата, општината/Владата ќе добие еднократно 10-15 милиони евра, а се откажува, доколку не го придобие овој проект, од долгорочни приливи во Буџетот од меѓу **75-100 милиони евра годишно** по следните основи:

- Едукативниот центар ќе опслужува околу 4-5000 студенти. Само од месечната потрошувачка на еден странски астудент (околу 1000 ЕУР), на годишно ниво Владата се откажува од 18% ДДВ или 50.милиони ЕУР*18%= **9 милиони евра**. На ова треба да се додаде и данокот на добивка на Универзитетот, кој ке се движи меѓу 5-10 милиони ЕУР. Тоа се над 15 милиони ЕУР годишен прилив во Буџетот, од кои Владата се откажува во корист на некој приватен или друг инвеститор кој би градел единствено станови. Овие студенти, поради високата годишна школарина се предвидува да бидат или оние кои ја напуштаат земјата за да студираат во странство или студенти од регионот. Со тоа отпаѓа и причина која се споменува во Владата дека Тандербирд и образовниот центар ќе прави конкуренција на постојните универзитети, што гледаме дека не е точно.
- Технолошките компании се очекува да носат приливи по основ на данок на добивка и вработувањата кои ќе нудат високи плати и висока потрошувачка во земјата. Проценките по овој основ се дека во Буџетот би се слеале меѓу **30-50 милиони евра** (100 компании*3 милиони добивка*10% данок на добивка; плус другите трошења во земјата кои носат ДДВ.
- Филмските и музички студија ќе донесат дополнителен прилив во државната каса од високиот мултипликатор кои го носи филмската индустрија во економијата (од 7-20 пати). Доколку се снимаат само 3 филма со просечен буџет од 30-тина милиони) ефектот врз економијата со минималниот мултипликатор би бил **над 50 милиони** (100 милиони*7 мултипликатот*18%ДДВ).

Оттука Владата, или некои одделни претставници кои во нејзино име даваат изјави, мора да се запраша дали кога се обидува да го претстави проектот СТП како, цитираме:„ проект за продажба на недвижнини (Real Estate )“, не прави со тоа големо промашување во проценките и дали на граѓаните не им одзема голема материјална основа за равој, врвно образование и културен исчекор од највисоки размери преку откажување од наведените фискални придобивки. И, во чиј интерес тоа го прави?!

На крајот, дали Владата има подобра алтернатива за развој на посочената локација и што содржи тој план?!

СТП Капитал Партнерс Холдингс ДОО Скопје